Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 05.01.2017 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**ПРЕСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ по сила на закон** одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 104519/1, 104519/2 и 104519/3 издадени на корисникот Здружение на радио такси ПАНОРАМА Скопје со седиште во Скопје, на ул. Видое Смилевски Бато бр.11.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба служба со евидентни броеви 104519/1, 104519/2 и 104519/3 на корисникот Здружение на радио такси ПАНОРАМА Скопје со седиште во Скопје, на ул. Видое Смилевски Бато бр.11.

На ден 03.01.2017 година извршен е стручен надзор во седиштето на носителот на горенаведените одобренија Здружението на радио такси ПАНОРАМА Скопје на ул. Видое Смилевски Бато бр.11 во Скопје. Со Записник број 0805-52 од 03.01.2017 година, констатирано е дека на локацијата ул. „Видое Смилевски Бато" бр.11 во Скопје во просториите во кои бил сместен субјектот Здружение на радио такси ПАНОРАМА Скопје повеќе не е таму сместен, а исто така нема видливи антенски системи од радиокомуникациски систем кој порано бил користен од страна на здружението. Од извештајот за извршени мерења од Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции во Скопје констатирано е дека од посочената **локација не се користи радиокомуникациски систем за потребите на субјектот**, односно за вршење такси дејност со користење на фреквенцискиот пар 468.850 MHz / 463.850MHz, согласно одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба евидентни броеви 104519/1, 104519/2 и 104519/3. Според извршените мерења овој фреквенциски пар не се користи на територијата на градот Скопје од друг корисник. Според евиденцијата во Централниот Регистар на Република Македонија со решение од 20.04.2015 година во надлежниот регистар Здружението на радио такси ПАНОРАМА Скопје е избришано по пат на ликвидација.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-29
Скопје, 09.01.2017

Изработил: Раководител на одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска
05.01.2017

Раководител на сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- сектор за радиокомуникации
- сектор за финансии
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите

АЕК-751-301 12/Изм.02